МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 02-4168/1
Датум: 18.09. 2025 година

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на _____________ година, помеѓу

1. **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**, со седиште на ул. „Македонија" бр.27, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерката за енергетика, рударство и минерални суровини, **Сања Божиновска** и

2. **ЕЛЕС Д.О.О –** Оператор на системот за пренос на електрична енергија на Словенија,со седиште на ул.Хајдрихова бр.2,1000 Љубљана, Република Словенија, застапувано од Извршен директор **М-р Александер Мервар**

во понатамошниот текст заедно наречени „страни".

## ЧЛЕН 1 – ОБЛАСТИ НА СОРАБОТКА

Страните се согласуваат да воспостават соработка со цел размена на искуства и знаење во неколку области на дејствување, како што се:

-оперативниот систем (OS),

-технолошки развој за преносниот систем,

-политики и процедури применливи на Министерството.

Дополнително, идентификувани се области од взаемен интерес во рамките на коишто ќе се разменуваат искуства, модели на работа и постапки, како:

-информациска технологија (ИТ),

-сајбер безбедност и заштита на критична инфраструктура и

-телекомуникации.

Странките го задржуваат правото да предложат нови области за соработка, кои ќе се вклучат во


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

рамките на овој Меморандум со писмена согласност од двете страни. Страните ќе ја прифатат секоја нова иницијатива предложена од Министерството доколку е усогласена со стратешките приоритети за енергетска транзиција.

Идентификуваните области на соработка вклучуваат:

- Операции и развој на електроенергетска мрежа

- ИТ и телекомуникациски развој и операции

- Е-мобилност

- Сајбербезбедност и заштита на критична инфраструктура

- Управување со средства и одржување на преносната мрежа

- Динамичко оценување на линии – калкулација на преносни капацитети според околински услови

## ЧЛЕН 2 – УСЛОВИ НА МЕМОРАНДУМОТ

Овој Меморандум стапува во сила со денот на потпишување од двете страни.

Договорните страни ќе се известуваат меѓусебно за секое барање, забелешка, предлог или сугестија поврзана со исполнување на обвските кои произлегуваат од овој Меморандум.

Измените и дополнувањата на овој Меморандум се вршат во писмена форма, со потпишување на Анекс на Меморандумот.

## ЧЛЕН 3 – КОМУНИКАЦИЈА

Договорните страни ќе назначат лица за контакт, одговорни за севкупната координација на сите значајни активности, со податоци за нивното работно место, службен телефонски број и е-пошта. Овие лица ќе ги подготват планираните активности, времето на реализација и други детали за кои ќе се јави потреба.

## ЧЛЕН 4 – ДОВЕРЛИВОСТ

Страните се согласуваат да не откриваат, пренесуваат или отстапуваат какви било

доверливи информации добиени за време на реализацијата на оваа соработка без претходна писмена согласност од другата страна.



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

Страните нема да обезбедуваат информации на трети лица кои произлегуваат од заедничката работа или од документацијата обезбедена од Страните, освен со експлицитна писмена дозвола.

Секое прекршување на оваа одредба ќе се смета за сериозна основа за преиспитување на соработката.

## ЧЛЕН 5 – ПРАВНИ ОБВРСКИ

Овој Меморандум не создава правно обврзувачки однос помеѓу потписниците, ниту воспоставува финансиски или договорни обврски. Ниедна страна нема овластување да преземе обврски или финансиски барања во име на другата страна, освен доколку не е поинаку наведено.

И покрај тоа што овој Меморандум не создава правни обврски, страните се обврзуваат да постапуваат со професионална посветеност, одговорност и во согласност со принципите на транспарентност и добра практика, особено при поддршка на стратешките цели на Министерството поврзани со енергетската транзиција.

## ЧЛЕН 6 – ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Потписниците на Меморандумот се обврзуваат да обезбедат тајност и заштита на личните податоци на начин што нема да бидат повредени обврзувачките законски и подзаконски акти.

## ЧЛЕН 7 - УГЛЕД

Потписниците на Меморандумот се должни да се грижат за угледот на другата договорна страна, доколку тоа не е во спротивност со прописите, како и да ги штитат заедничките интереси.

## ЧЛЕН 8 – ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ

Овој Меморандум се склучува на неопределено време.

Секоја од двете договорни страни може да го раскине овој Меморандум со достава на писмено известување до другата страна, доколку другата страна не се придржува до неговите одредби и ако престане потребата од меѓусебна соработка. Истиот се смета за раскинат по истекот на 5 дена од денот на приемот на писменото известување.



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

## ЧЛЕН 9 – ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Страните се обврзуваат сите несогласувања кои ќе произлезат од овој Меморандум да ги решаваат преку меѓусебни консултации и усогласување на ставовите.

Меморандумот е изготвен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примероци за секој потписник.

**Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**

Сања Божиновска

Министер

**ЕЛЕС Д.О.О**

М-р Александар Мервар

Извршен директор



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk